РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3821/4
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава), на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3821/1 од 09.08.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава), доставена до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3821/1 од 09.08.2019 година, од причина што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3821/1 од 09.08.2019 година е оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава), доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости од страна на Директорот на АД за ------------------, ------------ поврзани со именувањето на ------------ на работно место Помошник Директор на Секторот за деловни средства за кој има сознанија дека е под истрага и против него се води постапка пред Јавното обвинителство за незаконско водење на постапките за јавните набавки во Општина -----------, каде бил претходно вработен, како и тоа дека директорот -------------- влијаел во постапката на вработување на неговиот брат во "М-НАВ" АД Скопје, кој претходно бил вработен во ЈП за ---------------------.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1830/1 од 28.04.2020 година до Директорот на АД за ------------------ --------------- со кое побара да се достави целосна информација за тоа дали во постапката за именување на лицето ---------- на место Помошник Директорот на Секторот за деловни средства во друштвото со кое раководи, биле земени во предвид податоците дека против ова лице се води постапка пред Јавното обвинителство и во рамките на истата против него се преземени мерки на претпазливост, и покрај сите овие податоци, кои биле причините да се донесе Одлука за именување на ова лице за раководно работно место, ако се знае дека согласно етичките правила потребно е лицата на раководни места покрај бараното високо образование и други посебни услови (познавање на странски јазик потврден со меѓународно признат сертификт и друго) да бидат лица со интегритет, исполнети етички стандарди и лице кои не се во судир со законот, како и да се достави целосна информација за тоа дали неговиот брат се пријавил во постапката за вработување на работно место во АД во државна сопственост за вршење на дејноста

давање услуги во воздухопловната навигација "М-НАВ" АД Скопје и на кое работно место бил примен во "М-НАВ" АД Скопје.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Директорот на ------------ со целокупната придружна документација.

Дополнително, со цел проверка на наводите од пријавата што се однесуваат на постапката за вработување на братот на Директорот на ----------- во "М-НАВ" А.Д.- Скопје, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1830/4 од 18.11.2020 година до АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација "М-НАВ" АД Скопје.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација "М-НАВ" АД Скопје со целокупната придружна документација

По разгледување на наводите во пријавата, придружната документација и добиените одговори од двете институции, ДКСК констатира ја следната фактичка состојба:

- Лицето ----------- е именуван на работно место Помошник директор на секторот за деловни средства по основ на трансформација во --------------- на ден 28.12.2017 година.

Кон доставениот одговор од АДСДП беа доставени како доказ и следните документи - Уверение за кривична евиденција бр.КР-11216/20 од 13.05.2020 година од Основен кривичен суд Скопје, Одделение за казнена и кривична евиденција (во оригинал) во која се наведува дека за лицето Мире Десоски нема обвинителен акт кој влегол во правна сила, ниту пак е донесена неправосилна осудителна пресуда и Потврда за казнена евиденција бр.КР-11215/20 од 13.05.2020 година од Основен кривичен суд Скопје, Одделение за казнена и кривична евиденција (во оригинал) во која се наведува дека за лицето Мире Десоски не се евидентирани изречени правосилни осудителни пресуди на територијата на РСМ. Од увидот во овие документи е утврдено дека не се потврдени наводите дека се работи за лице против кого се води кривична постапка или против кого е донесена правосилна судска пресуда за некое кривично дело.

Во однос на наводот кој се однесува на неправилности во постапката за вработување на братот на Директорот на ----------- во "М-НАВ" А.Д.- Скопје, ДКСК го утврди следното

Поради потребата за пополнување на работно место согласно Правилникот за систематизација на работните места во "М-НАВ" А.Д.- Скопје, на ден 11.01.2019 година Управниот одбор на "М-НАВ" А.Д.- Скопје донел одлука заведена под број 02-73/3 за барање на согласност од Министерството за финансии за вработување на нови вработени на определено и неопределено работно време меѓу кој и за систематизираното работно место Советник за финансии и администрација во Сектор за финансии правни работи, развој и инвестиции 1(еден) извршител. По добивање на согласноста од страна на Министерството за финансии, Управниот одбор на ден 18.01.2019 година, донел одлука заведена под број 02-110/3 за објавување на оглас за вработување на определено и неопределено рботно време и одлука заведена под број 02-110/4 за формирање комисија за разгледување на пријавите доставени по огласот. Јавниот оглас бил објавен на ден 19.01.2019 година и ден 20.01.2019 година во два весника "Слободен Печат" и "Коха". Комисијата за разгледување на пријавите доставени по огласот, по разгледување на сите поднесени пријави и приложената документација од страна на кандидатите за објавените работни места утврдила дека за работното место Советник за финансии и администрација во Сектор за финансии правни работи, развој и инвестиции по огласот била поднесена една пријава, и видно од приложената документација кандидатот (братот на Директорот на ----------) ги исполнил условите и врз основа на тоа бил примен и засновал работен однос на неопределно работно време во "М-НАВ" А.Д.- Скопје.

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, ДКСК констатира дека наводите кои се однесуваат на сомневање за незаконитости сторени од Директорот на ----------, ---------- поврзани со именувањето на ---------- на работно место Помошник Директорот на Секторот за деловни средства за кој има

сознанија дека ова лице е под истрага и против него се води постапка пред Јавното обвинителство на РСМ, како и наводот дека директорот ----------- влијаел во постапката на вработување на неговиот брат во М-НАВ АД Скопје не се потврдени, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**